

**Методиј Алексиев**

Методиј Алексиев (27. II 1888 – 1924) е македонски револуционер и учител. Бил гемиџија, илинденец, четник на Сандански, војвода на Македонската революционерна организација и Внатрешната македонска револуционерна организација, потоа комунист, како и член и секретар на Горноџумајскиот окружен партиски комитет на БКП. Се бори за самостојна обединета Македонија. Во 1923 година бил командир на одред во Септемвриското востание, кога била создадена тридневната Разлошка Република, во Пиринскиот дел на Македонија. Поради македонските пројави бил убиен.

Методиј Алексиев е роден на 27 февруари 1888 година во градот Велес. Со основно образование се стекнува во Велес, а потоа продолжил да учи во егзрхиската машка гимназија во Солун, каде стапил во контакт и соработувал со кружокот на Гемиџиите и станал член на тајната Македонска револуционерна организација (ТМОРО).

Во 1906 година, прогонет од властите, тој отишол во Сер и учел во Педагошкото училиште. Тој стана нелегален и се приклучил на Горноџумајската чета, каде бил секретар, а подоцна влегол во штабот на четата на Јане Сандански (1906 - 1908).

По Младотурската револуција во 1908 година, Методиј Алексиев се легализирал и станал учител.

Во 1912 година, по избувнувањето на Балканската војна, Алексиев бил избран за војвода и водел чета на Организацијата која дејствувала во Разлог и Драма. Подоцна служел во 14-та воденска дружина на Македонско-одринско ополчение. За своите заслуги носитела е на бронзен медал.

Во 1913 година Методиј Алексиев се приклучил на Бугарската работничка социјалдемократска партија (тесни социјалисти). За време на Првата светска војна служел во 29-та пешадиски полк и учествувал во востанието во Војничкото востание во 1918 година.

По војната, тој се населил во Горна Џумаја и од 1920 до 1923 година бил член на Окружниот комитет на БКП. Бил касиер на коперацијата „Ослободување“ во градот.

За време на септемвриското востание, командува со востаничка чета во Горноџумајскиот востанички одред „Христо Ботев“. Тој бил задржан како заложник во четата на Алеко Василев, а подоцна бил ослободен. Тој продолжил да се ангажира во работничкото движење и работел на обновување на организацијата БКП во Горна Џумаја и се бори за самостојна обединета Македонија.

По убиството на Тодор Александров, од страна на новото раководство на Организацијата бил обвинет дека бил соучесник во заговорот. За време на настаните од септември 1924 година во Горна Џумаја, бил киднапиран од читалиштето во Петрич и бил убиен на патот од Горна Џумаја до Покровник.